20080540913

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 и член 8 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 134/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.04.2008 година, донесе

УРЕДБА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Општи одредби

(1) Со оваа уредба се пропишуваат видови мерки за спроведување на политиката, начин и постапка за спроведување на мерки за рурален развој, видови на мерки за рурален развој, финансиски план за одделна мерка, начин и постапка за следење на реализација и оцена на успешноста на мерките за рурален развој.

Член 2

Видови на мерки за рурален развој

(1) Мерки за спроведување на политиката за рурален развој се:

1. Инвестиции за подобрување на конкурентност и модернизација на земјоделски стопанства, вклучително и аква-култура.
2. Инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи.
3. Инвестиции за рехабилитација на системите за наводнување на водни заедници.
4. Финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам.
5. Инвестиции за подобрување на знаењето и унапредувањето на човечкиот потенцијал на земјоделските производители, обезбедување на советодавни услуги и едукација за управување со земјоделско стопанство.
6. Поддршка за организирање и заедничко вршење на производна дејност на земјоделски стопанства.

Член 3

Начин и постапка за спроведување на мерките

(1) Барателот, за користење на мерките за рурален развој, треба:

1. да поднесе уредно пополнето Барање за користење на мерките за рурален развој;
2. да нема забрана за вршење на дејност и одговорното лице на правното лице да нема забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. доколку е физичко лице, да е регистриран како вршител на земјоделска дејност согласно Закон за вршење земјоделска дејност, или како трговец-поединец регистрирани согласно Закон за трговски друштва или индивидуален земјоделец кој се стекнал со статус осигуреник согласно Законот за пензиско инвалидско осигурување или доколку не е регистриран по ниеден основ согласно закон да е сопственик или корисник на земјоделско земјиште и/или сопственик на добиточен фонд.
4. доколку е правно лице, да е регистриран согласно Законот за трговски друштва односно Законот за задругите, да не е во постапка на ликвидација или во стечајна постапка и да ги има подмирено сите обврски спрема државата по основ на даноци и придонеси за пензиско, инвалидско, социјално и здравствено осигурување.

(2) Барателот, за користење на мерката инвестиции за подобрување на конкурентност и модернизација на земјоделски стопанства, вклучително и аква-култура, покрај барањата од став (1) на овој член треба и да:

1. ги има пријавено земјоделските производни капацитети со кои располага во подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството);

2. нема финансиски обврски по основ на склучен договор за користење на земјоделско земјиште во државна сопственост, доколку користи земјоделско земјиште во државна сопственост;

3. нема финансиски обврски по основ на склучен договор за користење на пасишта во државна сопственост, доколку користи пасишта во државна сопственост;

4. нема финансиски обврски по основ на склучените договори по Програмата за зголемување на производство на храна во Република Македонија и проектите кои произлегуваат од истата.

(3) Барателот за користење на мерката инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи, покрај барањата од став (1) освен барањата од точката 3 на овој член , треба и да:

1. има соодветен документ дека ги исполнува минималните услови за вршење на дејност согласно закон;

2. нема финансиски обврски по основ на склучен договор за користење на земјоделско земјиште во државна сопственост, доколку користи земјоделско земјиште во државна сопственост;

3. нема финансиски обврски по основ на склучен договор за користење на пасишта во државна сопственост, доколку користи пасиште во државна сопственост,

4. нема финансиски обврски по основ на склучените договори по Програмата за зголемување на производство на храна во Република Македонија и проектите кои произлегуваат од истата.

(4) Барателот за користење на мерката наменета за инвестиции за рехабилитација на системите за наводнување на водни заедници, покрај барањата од став (1) точка 1 на овој член, треба и да:

1. е регистриран во соодветен регистарот на водни заедници согласно Законот за водни заедници и да не е во постапка на регистрација кога се пријавува за користење на мерката;

2. ги има подмирено обврските по основ на користење на вода за наводнување;

3. изготви и поднесе проектна документација (основен или главен проект), да ги обезбеди потребните мислења и одобрение за градба и обезбеди мислење од Управата за Водостопанство при Министерството со кое се потврдува дека инвестицијата ќе ја унапреди состојбата со системите за наводнување;

4. има писмена согласност од водната заедница за намената на инвестиција и за обезбедените средства во висина од минимум 50% од потребните средства за инвестицијата;

(5) Барателот за користење на мерката финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам, покрај барањата од став (1) освен барањето од точката 3 на овој член, треба и да:

1. доколку е здружение или фондација, да е регистриран во соодветен регистар согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации и да не е во постапка на регистрација кога се пријавува за користење на мерката;

2. целта на основањето да е насочена кон обавување на активности наменети за економски, културен, еколошки и/или социјален развој согласно актот за основање на правното лице, здружението или фондацијата.

(6) Барателот за користење на мерката инвестиции за подобрување на знаењето и унапредувањето на човечкиот потенцијал на земјоделските производители, обезбедување на советодавни услуги и едукација за управување со земјоделско стопанство, покрај барањата од став (1) освен барањата од точката 3 на овој член, треба и да:

1. доколку е здружение или фондација, да е регистрирано во соодветен регистар согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации и да не е во постапка на регистрација кога се пријавува за користење на мерката;

2. доколку е јавна научна установа, да е регистрирана согласно закон, од областа земјоделство, шумарство и водостопанство;

3. доколку е образовна институција или установа да ги исполнува условите согласно Закон за високото образование, Законот за средното образование, Закон за стручното образование и обука, Закон за образование на возрасните;

4. доколку реализацијата на мерката е наменета за обука на земјоделски производители, да изготви и поднесе предлог за реализација на мерката во следниве едукативни области:

- Менаџмент на земјоделско стопанство во рурални средини;
- Промоција на предностите од здружување по принцип на кооперативи и задруги или вертикални синџири (производство, услуги, маркетинг, стандарди);
- Рурално кредитирање и раководење со долгови;
- Фитосанитарни и ветеринарни стандарди во согласност со стандардите на Европската унија и следливост на квалитет;
- Примена на земјоделски производни техники за заштита на животната средина и придонес кон оддржлив рурален развој;
- Современи и ефикасни техники за наводнување за заштеда и правилно искористување на водните ресурси;
- Значењето на традицијата и културното богатство, обичаите на село и културни манифестации за зачувување на руралните средини.

5. доколку реализацијата на мерката е наменета за обука на членови на водни заедници, да изготви и поднесе предлог за реализација на мерката во следниве едукативни области:

- Планирање на наводнување и изработка на планови за наводнување;
- Системи за мерење на водата и дистрибуција;
- Раководење со системите за наводнување и планирање на инвестиции
- Изработка на инвестициони програми за оддржување и реконструкција на системите за наводнување со кои раководат водни заедници
- Современите и ефикасни техники за наводнување за заштеда и правилно искористување на водните ресурси.

6. предложените тренинг програми и едукативни области не смеат да вклучуваат материјали и тематики коишто се составен дел на редовните наставни програми за средното и високото образование.

(7) Барателот за користење на мерката поддршка за организирање и заедничко вршење на производна дејност на земјоделски стопанства, покрај барањата од став (1) освен барањата од точката 3 на овој член, треба и:

1. доколку е правно лице, да е регистрирано со претежна дејност земјоделство, и да е основано по 01.01.2007 година;

2. доколку е правно лице формирано од здружение или фондација, покрај условот од точка 1 на овој став, да поднесе доказ дека е основано од здружение на земјоделски производители;

3. доколку е здружение или фондација, да е регистрирано во соодветен регистар согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации со основна цел на здружувањето насочена кон обавување на активности наменети за правилно искористување на земјоделската механизација по принципот на „машински круг“ или „машински прстен“ согласно актот за основање на здружението или фондацијата и да не е во постапка на регистрација кога се пријавува за користење на мерката.

Член 4

Постапката за избор на корисниците

(1) Изборот на корисници се врши со проверка на исполнување на барањето за користење на мерките согласно член 4 од оваа уредба.

(2) Барателите кои ги исполниле барањата за користење на мерките за рурален развој се рангираат со бодување, освен за мерките наменети за инвестиции за рехабилитација на системите за наводнување на водни заедници и поддршка за организирање и заедничко вршење на производна дејност на земјоделски стопанства.

(3) Бодување за секоја мерка од став (2) од овој член се врши според следната табела:

а) за Инвестиции за подобрување на конкурентност и модернизација на земјоделски стопанства, вклучително и аква-култура:

Цели на мерката	Показатели	Бодување	Макс. бодови
Поддршка на индивидуални земјоделски производители на кои земјоделството им е примарна дејност	Подносителот на барањето е физичко лице регистрирано согласно закон	Да – 30 Не – 0	30
Поддршка на млади земјоделци	Подносителот на барањето е на возраст од 18 до 40 години на денот на поднесување на барањето	Да – 20 Не – 0	20
Поддршка на жени земјоделци	Одговорно лице е жена	Да – 20 Не – 0	20
Поттикнување на инвестиции во недоволно развиени подрачја	Местото на инвестицијата е во село	Да – 15 Не – 0	15
Вредност на предложената инвестиција	да не надминува 1.300.000 денари	Да – 15 Не – 0	15
Вкупно бодови			100

б) за Инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи:

Цели на мерката	Показатели	Бодување	Макс. бодови
Поддршка за имплементација на стандарди за безбедност на храна и стандарди за квалитет	Инвестицијата е наменета за имплементирање на стандард за безбедност на храна или стандард за квалитет	Да – 25 Не – 0	25
Поддршка на здружување на земјоделски производители	Подносител на инвестицијата е земјоделска задруга или правно лице регистрирано од здружение		

	на земјоделски производители	Да – 20 Не – 0	20
Поттикнување на инвестиции во недоволно развиени подрачја	Местото на инвестицијата е во село	Да – 15 Не – 0	15
Приоритетни сектори	Проектот е наменет за производство на добиточна храна или преработка на млеко во млеко во прав или производство на путер или модернизација на пост-бербени активности за свежо овошје, зеленчук и грозје.	Да – 15 Не – 0	15
Поддршка на жени претприемачи	Одговорно лице е жена	Да – 15 Не – 0	15
Вредноста на предложената инвестиција	да не надминува 1.300.000 денари	Да – 10 Не – 0	10
Вкупно бодови			100

в) за Финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам:

Цели на мерката	Бодување	Макс. бодови
Проектот се однесува за развој и унапредување на селски туризам во одредено населено место	Едно село – 35 Повеќе населени места на една територија на општина - 25 Територија на општина -15 Повеќе општини – 5	35
Проектот има за цел да промовира локалитети, културни знаменитости и останати традиционални и природни вредности на месноста за која се однесува	Да – 30 Не – 0	30
Проектот се однесува за населени места во рурални општини или за рурална општина	Да – 25 Не – 0	25
Проектот се однесува на промовирање на рурален туризам во мали градови до 15.000 жители	Да – 10 Не – 0	10
Вкупно бодови		100

г) за Инвестиции за подобрување на знаењето и унапредувањето на човечкиот потенцијал на земјоделските производители, обезбедување на советодавни услуги и едукација за управување со земјоделско стопанство:

Цели на мерката	Бодување	Макс. бодови
Проектот опфаќа едукативни области за фитосанитарни или ветеринарни стандарди во ЕУ	Да – 30 Не – 0	30
Проектот се однесува на едукација за еколошко и органско земјоделско производство	Да – 25 Не – 0	25
Проектот опфаќа обука која се однесува на менаџмент на земјоделско стопанство кое се занимава со лозарство, овоштарство, градинарство, одгледување на животни за производство на млеко и и месо	Да– 20 Не – 0	20
Проектот има за цел да обучи над 150 земјоделски производители лоцирани во еден определен производен регион	Да – 15 Не - 0	15
Вредноста на проектот да не надминува 600.000 денари	Да – 10 Не - 0	10
Вкупно бодови		100

Член 5

Средства за реализација на мерките

(1) Средствата за реализација на мерките за спроведување на политиката за рурален развој се обезбедуваат со Годишната Програма за финансиска поддршка на руралниот развој.

Член 6

Начин и постапка за следење на реализација и оцена на успешноста на мерките

(1) Следење на реализација и оцена на успешност на мерките за рурален развој од член 2 став (1) од оваа уредба се врши преку следните показатели:

1. Број на добиени барања:

- по одделна мерка и по општини или населени места;
- од баратели - млади земјоделски производители по одделна мерка и по општини или населени места;
- од баратели - жени по одделна мерка и по општини или населени места;

2. Број на одобрени барања:

- по одделна мерка и по општини или населени места
- на млади земјоделски производители по одделна мерка и по општини или населени места и нивно учество во вкупниот број одобрени барања;

- на жени корисници по одделна мерка и по општини или населени места и нивно учество во вкупниот број одобрени барања;

3. Број на одбиени барања и причини за одбивање на барањата:

- по одделна мерка;
- поднесени од млади земјоделски производители;
- поднесени од жени баратели;

4. Број на реализирани одобрени барања:

- по одделна мерка и по општини или населени места;
- поднесени од млади земјоделски производители;
- поднесени од жени баратели;

5. Финансиски показатели

- вкупен износ на одобрени финансиски средства по мерки и по општини или населени места;
- просечен износ на одобрени финансиски средства по мерка;
- вкупен износ на исплатени финансиски средства по мерки и по општини или населени места;

(2) Показатели за следење на реализацијата и оцена на успешност на мерките за спроведување на политиката за рурален развој во однос на пол и старост на барателите се прибираат само за мерки каде постојат услови за следење на такви показатели.

(3) Следење на реализација и оцена на успешност на мерките за спроведување на политиката за рурален развој од член 2 став (1) од оваа уредба може да се врши со помош на останати показатели согласно за барањето за користење на мерките од член 4 од оваа уредба и целите на мерките за рурален развој и показателите од член 5 став (3) од оваа уредба.

Член 7

Начин на вршење на контрола над спроведување на мерките

Вршењето на контрола над спроведување на мерките за рурален развој опфаќа следење на реализација и оцена на успешноста на мерките за рурален развој преку следење на исполнетоста на барањата утврдени со оваа уредба.

Член 8

Завршна одредба

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2131/1
22 април 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.